**03.12.2021**

.



.

Денес, под мотото: „Хероите меѓу нас - Незапирливи“, традиционално се одбележа Светскиот ден на волонтерството во организација на ОО Црвен крст, Демир Хисар и Општина Демир Хисар. На свечениот настан присуствуваше и градоначалникот, Никола Најдовски, кој упати честитки по повод 5. Декември, Светскиот ден на волонтерството, односно ги поздрави сите волонтери кои им помагаат на нашите сограѓани на очигледните потреби. - Од исклучително и огромно значење е функционирањето на ОО Црвен крст, Демир Хисар, кое, секогаш несебично придонесува и активно делува со мобилизираниот тим во сите сфери на општественото живеење. Ние, како локална самоуправа и понатаму ќе ги поддржуваме и помагаме сите активности кои се во рамки на Црвениот крст. Нашите волонтери со ентузијастички дух и труд, волонтираат затоа што сакаат да бидат дел од една поширока социјална групација во заедницата промовирајќи заедништво, соживот, мир и толеранција, како основни вредности во животот на човекот. Волонтерите делуваат понекогаш и во исклучителни околности, обезбедувајќи поддршка и помош за различни целни групи и придонесуваат за подобар живот за ранливото население, рече Најдовски. .

